Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 30.09.2016 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 4654 | 1 | |

15:11

**До:**
**д-р Зоран Трајчевски, директор**
**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 196-г и член 196-ѓ од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16), а во врска со Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје бр.10-4590/1 од 27.09.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, доставува:

## ПРЕДЛОГ
### за изрекување мерка

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје бр.10-4590/1 од 27.09.2016 година, емитуван во периодот 12 до 21 септември 2016 година.

Предмет на извршениот надзор (мониторинг) се член 75 став 1 и член 75-б од Изборниот законик (кои согласно член 196-в од Изборниот законик, се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година).

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје бр.10-4590/1 од 27.09.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување предлага да се покрене прекршочна постапка во која судот ќе изрече прекршочна санкција – опомена за прекршување на член 75 став 1 од Изборниот законик.

## Образложение

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување на 27.09.2016 година доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје бр.10-4590/1 од 27.09.2016 година, емитуван во периодот од 12 до 21 септември 2016 година.

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) бр.10-4590/1 од 27.09.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување констатираше дека при изборното медиумско претставување во периодот од 12 до 21 септември 2016 година, Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, не обезбеди изборно медиумско претставување на правичен, избалансиран и на непристрасен начин. Квантитативно, нема големи разлики во известувањето за двете најголеми политички партии, ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ. Меѓутоа, константирани се големи разлики од квалитативен аспект при тонот на известувањето и врамувањето за двете најголеми политички партии, ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ. Имено, во дневниците во 19 часот емитувани во рамките на програмскиот сервис на ТРД „Телевизија Сител ДООЕЛ Скопје" во деновите 12, 13, 16, 19 и 21 септември 2016 година, се забележува континуирано известување со позитивна рамка и позитивен тон за политичката партија ВМРО-ДПМНЕ и за носителите на власта. Позитивното врамување и позитивниот тон особено се видливи кај најавите и одјавите на прилозите за мерките што ќе се најдат на програмата на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ. Во однос на известувањата за активностите на политичката партија

СДСМ, се констатира дека во дневниците на ТРД „телевизија Сител ДООЕЛ Скопје“, емитувани во 19 часот во деновите 12, 13, 16, 19 и 21 септември 2016 година, во голема мера се известува со негативен тон и рамка.

Врз основа на претходно наведеното, со оглед дека прекршокот е сторен за прв пат Привремената комисија за следење на медиумско претставување предлага да се покрене прекршочна постапка во која судот ќе изрече прекршочна санкција – опомена.

**Членови на Привремената комисија за следење на медиумско претставување:**

1. Љубомир Костовски ____________________
2. Горан Трпеноски ____________________
3. Љуљзим Хазири ____________________